# КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ул.Македонија бр.47/2,1000 Скопје
Сметка бр. 300000003545580 Комерцијална банка
Даночен број: 4057013520328

Република Северна Македонија
Министерство за правда
MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје-Shkup
Примено: 16 -02- 2024

| Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlera: |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |

До
Министерство за правда на Р. С. Македонија
Сектор за правосудство
Скопје

КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-031/2
14.02.2024 год.
СКОПЈЕ

Предмет : Одговор на претставка
Врска: Ваш допис број УП 1 08-62

Почитуван Министер Г-н Лога,

Во врска во Вашата претставка број УП 1 08-62 од 05.02.2024 година, примена во Комората на проценувачи на ден 12.02.2024 година под број 03-031/1,

Ве известуваме дека Комората на проценувачи во изминатите месеци имаше повеќе активности во врска со веб страница на Комората, од кои би издвоиле:

- мигрирање на страната од американски на македонски хост,
- креиран нов изглед на страната со нови функционалности,
- бевме цел на напад од хакери при што поголемиот дел од содржината беше заразена со вирус, по што, тоа што беше спасено беше преработено,
- преработените содржни беа поставени на нова веб страница на нов сервер,
- интранетот - затворениот дел до кој имаат пристап само членови на Комората беше повторно воспоставен со податоците кои беа спасени,
- откако беше изготвена новата интранет страница беше пратена електронска порака до сите активни членови на Комората за да се регистрираат и да имаат увид до посочените содржини
- во тек е надградба на веб страната.

Ви благодариме за Вашата реакција и Ве известуваме дека Комората на проценувачи прави сериозни напори во најкус временски рок да ги врати и повторно да ги постави сите содржини кои што претходно беа поставени на веб страната.

Воедно, Ве известуваме дека актуелното раководство на Комората на проценувачи во досегашниот едногодишен мандат редовно ги известува своите членови за сите активности и преку директни маилови до нив, но и со објава на веб и фејсбук страната.

Вашата претставка ја сфаќаме сериозно и Ве известуваме дека ставот на актуелното раководство на Комората е во иста насока, односно се залага и ќе се залага во иднина за транспаретност и законитост во работата на Комората.

Со почит,

Скопје, 14.02.2024 год.

Во име на УО на Комората на проценувачи
Претседател
М-р Валентина Младеновска

КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ